помошта на редниот број се овозможува нивното лесно пронаоѓање.

Овој Речник е наменет да послужи како помагало во архивската пракса на архивските работници на Југославија, понатаму за изедначување на стручните архивски термини, а застапеноста и на странските термини го олеснува ползувањето на странската архивска литература.

**О. В.**

**Златибор ПОПОВИЋ: МЕТОДИКА НАСТАВЕ ИСТОРИЈЕ, Завод за издавање уџбеника СР Србије, Београд, 1971, стр. 229**

Методиката на Златибор Поповиќ е нов и значаен прилог во расветлувањето на некои фундаментални прашања од методиката на наставата по историја. Може да се рече дека таа пополнува една празнина што се чувствува од недостатокот на такви дела, на прирачна литература за наставникот по историја. Меѓутоа, не треба да се очекува дека и со оваа методика ќе се добијат исцрпни одговори за сите прашања.

Ова е една од ретките книги што излегува без посебен предговор и увод. На читателот е оставено да ги бара целите и задачите на делото и да ја одреди неговата намена и вредност. Тоа најлесно може да се види од содржината на книгата, односно од поместените 11 наслови: Науката за минатото на човештвото; Наставата по историја некогаш и сега; Наука за наставата по историја; Задачите на наставата по историја; Дидактичките принципи и правила во наставата по историја; Содржината на наставата по историја; Методите, формите и средствата на наставата по историја; Обработката на материјалот; Организацијата и изведувањето на наставата по историја; Слободните активности на учениците во врска со запознавањето на минатото на човештвото; Наставникот по историја; Кибернетиката и нејзината — педагошко-методска валоризација.

Авторот на методиката за наставата по историја, Златибор Поповиќ, е познат за оние што го следат стручниот печат и списанијата. Тој почесто се јавува со свои стручни прилози во стручниот печат и помага на практиката со пренесување на позитивното искуство од наставната практика по историја, како и со теоретска обработка на одделни теми и др. Тој има издадено скрипти — „Методика наставе историје у основној школи“. Секако, дека авторот го користел тоа свое искуство при пишувањето на методиката за којашто станува збор, меѓутоа внимателниот читател може да се увери дека не е тоа просто пренесување на она што е порано објавено. Според авторот „методиката е самостојна наука со одредена цел, со свој точно ограничен предмет, со свои методи на научно истражување со што се разликува од другите науки“. Оваа констатација Поповиќ се труди да ја оправда преку содржината што ни ја презентира во книгата.

На 47 страници е обработен историјатот на историјата како наука и како наставен предмет. И тој материјал може да биде користен за наставникот, за подобро разбирање на она што следува пона-

таму. Впрочем, да се задржиме на некои содржини од тој дел на книгата. На пример, во насловот — „Поим основи, функција, суштина, фактори и можности на наставата по историја", авторот бележи: „Наставата по историја не е ништо друго, туку само научно организирана систематска, планска, институционална, заедничка воспитно-образовна работа на воспитувачот и воспитаниците на активната сознајна дејност на учениците во врска со нивното запознавање на минатото на човештвото. Притоа, учениците, со помош на наставникот по историја, стекнуваат историски претстави, појмови, ги согледуваат историските закони, учат историски да мислат, да изградуваат историска свест, погледи на развитокот на општеството, да ги совладаат методите на учењето на историјата и истражувањето на минатото, да формираат научен поглед на светот, етикум, естетикум и способност за самообразование и самовоспитување" (стр. 23). Ете, ни се чини, дека е тоа основната нитка од којашто тргнува авторот кога сака да ги одреди задачите на наставата по историја. Тој укажува на тешкотиите во врска со примената на наставата по историја во најраната возраст и се задржува на основното училиште, упатувајќи го наставникот да води сметка за можностите на учениците како принципиелно педагошко барање. Искажувајќи се за целите што треба да се постигнат преку наставата по историја, авторот вели дека историјата секогаш постигнува воспитно дејство само ако се запознаат учениците со минатото како што треба. Во таа смисла тој ги критикува хербартовците што одат во крајност кога го истакнуваат воспитанието на моралниот карактер како единствена цел на учењето на историјата воопшто во образовното училиште (стр. 30). Според него знаењата по историја треба да влезат во крвта и месото на учениците и ученикот со своето размислување и својот напор и волја да дојде до потребните знаења, а не само механички да ги повторува.

3. Поповиќ се задржува на примери од развојот на наставата по историја во одделни земји и политички системи, посветувајќи посебен наслов и содржина за наставата по историја во СССР. Одвоен е простор за историјатот на наставата по историја во Југославија со набројување на примери на она што е сторено кај нас во таа насока. На наставникот ќе му користат приложените имиња, автори на значајни трудови од методиката на наставата по историја. (стр. 43)

На авторот можеме да му бидеме благодарни што ни дава материјал за развитокот на историската наука и методиката, меѓутоа сметаме дека ќе беше подобро ако и во овој дел беа покажани ефектите од тоа во одделно време.

Следниве поголеми поглавија: „Наука за наставата по историја" (стр. 48) и „Задачи на наставата по историја" (стр. 60) исто така се „теоретски" дел на книгата. Не би се задржувале на содржината од овие два наслови, бидејќи е тоа чисто историски дел што треба да помогне на наставникот за теоретската наобразба. Во петта глава, во насловот „Дидактичките принципи и правила во наставата по историја", авторот се осврнува на наставата по историја и го критикува вербализмот во таа насока. Посебно

ја критикува практиката кога „по некој наставник просто го прераскажува учебникот и бара механичко повторување на текстот при повторувањето на материјалот". Тој се залага за човек со самостоен критички дух, трајна интелектуална љубопитност, иницијативност и креативност. Оваа своја критика и барање Поповиќ ги поткрепува со примери и упатства како да се отфрли негативното и да се постигне тоа што се бара. Посебно се залага за компарација и актуелизација во наставата по историја. Дава примери, кога е можно и нужно, да се споредува и актуелизира а кога е тоа непотребно и штетно. Макар што треба, по наше мислење, да бидеме доволни од тоа, сепак, прашањето за актуелизација можеше пошироко да биде обработено.

Авторот се задржува и на активноста што се создава преку нагледноста како и на принципот на систематичноста. Тој го потврдува познатото правило дека секој час по историја треба да биде логична и дидактичка целина. Укажува на потребата за просечна норма при употребата на хронолошките и биографските податоци на еден час. Според него „на еден час по историја во средното образование не треба во просек да се учат повеќе од два до три хронолошки податоци" (стр. 93).

Сепак, се претпоставува дека наставникот најмногу ќе се задржи на содржините што следат по страна 96, бидејќи тие третираат поконкретна проблематика што понепосредно може да послужи во неговата практична работа.

По наше мислење, вниманието на наставникот по историја што ја остварува наставната програма ќе биде насочено кон овие наслови· „Локалната историја"; „Учебникот по историја"; „Историската читанка", а посебно насловот — „Методите, облиците и средствата во наставата по историја". Затоа се задржуваме на тие наслови со нешто поголемо внимание. Првиот наслов, за локалната историја во наставата, е доста добро и содржајно обработен. Според искажувањето на авторот локалната историја ги следи одделните содржини од националната историја. Материјалот од материјалната историја треба систематски да се внесува во наставата по историја. Меѓутоа, тој материјал не влегол во наставните програми и останува наставникот да го планира за остварување. Можеби ќе беше по целисходно ако авторот приложеше конкретни примери од остварувањето на локалната историја во еден регион. Сметаме дека наставникот нема да биде наполно доволен од содржината што влегува во насловот — Учебникот по историја. Овој наслов зафаќа нешто повеќе од две страници и се задржува на тоа како треба да се користи учебникот во наставата по историја, односно како треба да ги научиме учениците да се служат со учебникот по историја. Имено, сè уште учебникот е главен помагач на наставникот на неговото подготвување за часовите по историја. Затоа очекувавме од авторот подлабоко и пошироко да се задржи на користењето на учебникот поодделно на класичниот и современиот учебник на нивната улога во наставата. Со тоа и оваа методика треба да помогне и на авторите при составувањето на учебниците по историја. Од авторот особено очекувавме со практични примери

да покаже, односно да ги упати наставниците, како да ги научат учениците самостојно да се користат со учебникот. На тој начин би се решил и односот кон помошната литература, би го упатил ученикот кон пошироки извори и други пишани информации од повисок степен.

Истото можеме да го констатираме и за насловот „Историска читанка". И од содржината од тој наслов не можеме да научиме нешто повеќе. Колку што ни е познато, авторот има работено и печатено материјал за користење на историската и уметничката литература во наставата по историја. Не ни е познато зошто овој пат така скудно и тесно се задржува на така важна проблематика?

Според нашата оценка содржината како што е: Методите, обликите и средствата во наставата по историја, би требало да зазема централно место во методиката на наставата по историја. Авторот доста упростено се задржува на монолошката и дијалошката метода, а пошироко на употребата на текстот во наставата по историја. Иако е дадено тоа мошне концизно, сепак, не е доволно за практичарот што очекува и конкретна помош, повеќе примери. Според нашето мислење авторот можеше повеќе да се задржи на разговорната метода. Не би можеле да приговориме за местото што го зазема содржината за употребата на текстот во наставата по историја. Таа содржина дава материјал од којшто можат да се извлекуваат одредени заклучоци. Меѓутоа, сметаме дека би било поцелисходно ако се извлечеа од тој материјал одделни наслови како што се: „Користење на весници", „Создавање на албуми", „Уметничка литература". Тие заслужуваат посебен третман и посебно место и претставуваат одреден интерес за наставникот. Очекувавме авторот нешто повеќе да се задржи на комбинираната метода, а веднаш по тоа да бидат прикажани посебни форми за работа во наставата по историја како што е групната форма и индивидуалната работа (за тоа се зборува на друго место).

Насловот „Покажување и графичко прикажување во наставата по историја" опфаќа разнороден материјал како што е: употреба на слики, епископ, апликации, карикатури, графикон, лента на времето, грамофон, радио, магнетофон, филм, дијафилм, кино и карта.

Ни се чини дека попрегледно ќе беше барем некои од нив да беа поставени со посебен наслов и пошироко обработени. На пример, по наше мислење, користењето на радиото и телевизијата за наставата по историја имаат посебно место и улога. Затоа има потреба за посебна обработка на истите, а со тоа би се помогнало на наставникот и воопшто за осовременувањето на наставата по историја. Истото може да се рече и за третманот на филмот и дијафилмот, како и за употребата на магнетофонот. Употребата на картата во наставата по историја заслужува посебно место во една методика, бидејќи е таа наставно средство што се употребува најчесто во наставата по историја.

Методиката за којашто се искажуваме обработува некои содржини што не се поставувани или ретко се третирани во други методики. Во оваа методика одредено место зазема програмираната настава по

историја. Дадениот опис за машината за учење, со нејзините предности и недостатоци, секако, дека е мошне корисен, а посебно за наставниците што не се информирани за овие наставни средства. Особено наставникот ќе го заинтересира содржината за програмиран учебник, за она во што може да помогне машината (стр. 167).

За местото на екскурзијата во наставата по историја е посветено посебно внимание. Содржината е концизна и поткрепена со примери и затоа си го заслужува добиеното место.

Во VIII глава, под наслов: „Обработка на материјалот, организацијата и изведувањето на наставата по историја“ опфатени се содржини како што следува: структурата и класификацијата на часовите на наставата по историја, повторување на часовите по историја, проверување и оценување на часовите по историја, — значи, суштински и значаен материјал со кој се среќава наставникот во секојдневната работа. Меѓутоа, содржините во оваа глава се прилично неизедначени. Авторот се задржал претежно на набројување. На пример, на часовите за обработка на нов материјал се посветени само 10 реда! Толку содржина е посветено и на часот за анализа. Поголемо место е дадено на часовите за повторување. Можеби авторот се раководел од тоа дека оваа материја повеќе е позната и не е потребно многу за неа да се образлага? Како и да е, оценуваме дека не требало авторот така бегло да помине преку овие содржини, особено преку часовите за обработување на нов материјал.

Нѐ ни е познато зошто авторот се задржува на историјатот за часовите на повторување на минатиот материјал? Прифатливи ни се примерите на организирани часови на повторување и на насочување кон развивањето на историското мислење на учениците и причинско-последичните односи. Меѓутоа, кога се упатува на брзо повторување се препорачува прифаќање на хронолошки и биографски податоци што не е основна цел на наставата по историја.

Во поднасловот за повторување се прикажува и користењето на работни ливчиња и работна тетратка, како и драматизирање на извесни историски настани. Сметаме дека би било поцелисходно ако беа овие содржини посебно издвоени и ако даваа одреден материјал што би можел на наставникот и практично да му помогне. Тој материјал во литературата не е доволно обработуван и затоа ретко се користи во практиката.

Кратко би се задржале на стр. 191 и 192, на насловот: „Задачите и самостојната работа на учениците во врска со наставата по историја“. Под овој наслов авторот се задржува кон набројувањето на формите за самостојна работа. Веруваме дека ќе беше корисно ако беше посветено посебно место за улогата на музејот архивот, библиотеката, домашните задачи и сл. за самостојната работа на учениците.

За наставникот мошне корисно ќе послужи и темата како што е планирањето и подготовката на наставникот за час по историја. Вистина, никој не очекува готови рецепти за тоа како да се планира, меѓутоа од содржината која би била побогата, наставникот би можел да

извлече заклучок за тоа како најарно да се планира работата. Авторот препорачува изготвување на план за работа за секој час и бележи: „Планот треба да се работи од ден на ден, за секој час. Добро е понекогаш за потешките теми, а пред сè во почетокот на наставната практика, да се составуваат и конспекти. Плановите и конспектите треба да се сочуваат и редовно по анализата на одржаниот час да се дополнат со самокритичките забелешки. Тоа придонесува за постојано усовршување на наставникот во стручен методски поглед“.

На стр. 201 се изнесува што треба да содржи еден кабинет по историја, но не се прави обид како да се користи кабинетот во наставата. Од исти недостатоци трпи и обработката на слободните активности на учениците.

Крајот на книгата завршува со една современа тема: „Кибернетиката и нејзината педагошко-методска валоризација“. Оваа тема за прв пат е поставена и обработена во една методика на наставата по историја во наше издание. Затоа сметаме дека е тоа мошне корисен прилог.

Во почетокот рековме дека од една методика не се очекува да даде исцрпно разработени наставни единици. Меѓутоа, пред сè наставникот — почетник, од методиката очекува да добие и обработени примери за она што насочува како и што да се обработи. Сметаме дека оваа методика ќе беше побогата ако авторот користеше и примери од историското минато на сите народи на Југославија и ако користеше стручна литература и од стручните листови и списанија што излегуваат во другите републики. Тој, на пример, за тоа се користи претежно со „Просветни преглед“.

Направивме обид да дадеме одделни критички забелешки на методиката на Златибор Поповиќ со намера да помогнеме на авторот во евентуалното второ издание за да изврши подобрување на истото. Ако сме успеале во тоа, нашите критички забелешки не значат намалување вредноста на делото. Напротив, оваа методика ја препорачуваме на нашите наставници по историја како мошне корисен прилог и прирачник за нивната работа. Сметаме дека методиката на Златибор Поповиќ треба да биде постојан и вреден прирачник на наставниците во нивната секојдневна работа.

Книгата содржи 225 страници со повеќе скици, шеми, слики и карти. Може да се добие преку адресата што е назначена во насловот.

**Д. Л.**